**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ЕУ ЦЕНТАР**

# *ЕУ ВЕСТИ*

***јули 2021 година***
***ЕУЦ-број 64/2021***

## СЛОВЕНЕЧКО ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО СО СОВЕТОТ НА ЕУ

https://slovenian-presidency

Под мотото „Заедно. Отпорна. Европа“ Словенија по втор пат претседава со Советот на ЕУ, од јули до декември годинава. Приоритетите на Словенечкото претседателство за втората половина од 2021 припаѓаат на новата стратешка агенда 2019-2024 и се во насока на обезбедување на постојаност и развој на ЕУ. Повеќето дискусии поврзани со Конференција за иднината на Европа, ќе се одвиваат во рамки на Словенечкото претседателство.

*Приоритети* на словенечкото претседателство со Советот на ЕУ *:*

*1.Еластичност и закрепнување на ЕУ –стратешки автономна Унија,* развој и зајакнување на плановите и механизмите за зајакнување на отпорноста на ЕУ во справување со пандемии и големи сајбер напади. Обнова на ЕУ од пандемијата заснована на дигитална, зелена и фер транзиција.

2.Во рамки на *Конференцијата за иднината на Европа* ќе се организираат транспарентни отворени дебати за главните предизвици кои Европа ќе треба да ги решава во иднина. Главната цел е да се изнесат предлози и идеи од страна на граѓаните на ЕУ за тоа како да се изгради заедничка европска иднина.

*3.Унија на европски начин на живот, владеење на правото и исти критериуми за сите* - Словенечкото претседателство ќе посвети внимание на еднакво почитување на основните вредности и принципи на ЕУ, вклучително и владеењето на правото, што е заедничка одговорност на институциите на ЕУ и земјите-членки. Дијалогот во рамки на Механизмот за следење на владеењето на правото, мора да ги обедини земјите-членки во заедницата на европски вредности.

*4. Кредибилна и безбедна Европска унија*–способна да обезбеди сигурност и стабилност во соседството. Целта на Словенечкото претседателство е да обезбеди ефикасно спроведување на законодавството за Шенген и целосно функционирање на шенгенската област без внатрешни гранични контроли.

Во контекст на *надворешната политика,* Словенија ќе посвети посебно внимание на Западен Балкан и во таа насока ќе организира Самит ЕУ-Западен Балкан, во октомври годинава во Брдо. За време на претседателството, Словенија ќе вложи максимални напори да обезбеди продолжување на процесот на проширување со земјите од Западен Балкан, согласно со ревидираната Методологија за проширување. Зајакнувањето на европската перспектива и одржливиот развој на ЗБ ќе биде централна задача за време на Словенечкото претседателство. Целта е да продолжи процесот на проширување со клучен акцент на владеењето на правото и социо-економскиот развој, зајакнување на секторската интеграција. Работата во оваа област ќе се заснова на нов инструмент за финансирање на надворешното дејствување за земјите од ЗБ и на други релевантни документи на Европската комисија. Претседателството ќе настојува на усвојување на позитивни заклучоци на Советот во врска со можностите за членство во ЕУ. Во текот на есента годинава, Словенечкото претседателство ќе го започне процесот за формално усвојување на Инструментот за претпристапна помош - ИПА III.

https://slovenian-presidency

### Содржина на вести:


| | |
|---|---|
| Словенечко претседателство со Советот на Европската Унија | 1 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 2-3 |
| Нови правила за транспарентност на германските парламентарци | 3 |
| Собраниски активности поврзани со европските прашања | 4-5 |
| Извештај за владеење на правото во ЕУ | 6 |
| Вселенски центар на Бундесверот | 6 |
| Летен економски извештај 2021 | 7 |
| Нееднаквост на пазарот на труд во ЕУ | 7 |
| ЕУ Барометар | 8 |
| Казни за компаниите БМВ и Фолксваген | 8 |
| БДП на еврозоната зголемен за 2% | 9 |
| Тестирање на дигитална евровалута | 9 |
| Вакцинација на населението во ЕУ | 10 |
| Производство на електрични возила во Шпанија | 10 |
| Работното време во ЕУ | 11 |
| ЕУ календар / септември 2021 | 11 |

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

www.europarl.europa.eu

На отворањето на пленарната сесија претседателот Сасоли изрази солидарност и сочувство до жртвите од шумските пожари на Кипар.

Европратениците разговараа за планираните активности на словенечкото претседателство со Советот на ЕУ со премиерот Јанез Јанша и претседателката на Комисијата Урсула фон дер Лајен. Под слоганот „Заедно. Еластична. Европа.“, Словенечкото претседателство ќе се фокусира на закрепнување и издржливост, преточување на амбициозните зелени цели во обврзувачко законодавство, стратешка автономија, дигитална транзиција, владеење на правото и заштита на надворешните граници.

Европскиот парламент со 537 гласа усвои привремени правила за откривање на сексуална злоупотреба на деца преку Интернет. Овие правила ќе важат најмногу три години или помалку доколку во меѓувреме се договорат нови трајни правила за справување со сексуална злоупотреба на деца преку Интернет.

Европратениците го усвоија Фондот за поморство, риболов и аквакултура 2021-2027 за поддршка на сина економија, заштита на биодиверзитетот и промовирање на меѓународното управување со океанот, чија вредност е 6,1 милијарди евра.

Европратениците усвоија надградена Програма за „Поврзување на Европа“ (CEF) и нов фонд од 60 милијарди евра за транспортни, дигитални и енергетски проекти за периодот 2021-2027. Европратениците успеаја да одвојат 60% од средствата на CEF за проекти кои ќе помагаат за постигнување на климатските цели на ЕУ, додека 15% од средствата за енергетскиот столб ќе бидат за прекугранични проекти за обновлива енергија.

Во фокусот на дебатата на европратениците со претседател на Советот, Шарл Мишел и претседателката на Комисија, Урсула фон дер Лајен, беше заканата за демократијата и основните права во неколку земји-членки на ЕУ.

За време на дебатата за резултатите од Европскиот совет од 24-25 јуни, повеќето говорници го критикуваа неодамна донесениот закон во Унгарија за забрана на материјали што може да се сметаат за промовирање на хомосексуалноста и промена на полот на малолетници.

Европскиот парламент даде поддршка за формирање на два фонда:

- Фонд за азил, миграција и интеграција со 9,88 милијарди евра за поддршка на политиката за азил и миграција, и
- Интегриран фонд за управување со границите со 6,24 милијарди евра за управување со надворешните граници што ги почитува основните права. Средствата ќе помогнат во управувањето со миграциските текови, ќе се олесни интеграцијата на државјани на трети земји и ќе се подобри управувањето со границите.

Во резолуција усвоена со 529 гласа европратениците изразија жалење што Комисијата одлучи да се придржува до необврзувачки заклучоци на Европскиот совет од декември 2020 година и да ја одложи примената на регулативата за условеност на буџетот со развивање на упатства за примена. Европратениците ја критикуваа Комисијата за пропуштање на крајниот рок од 1 јуни годинава утврден од ЕП за примена на регулативата и усвојување на насоките. Тие го поздравија писмото на претседателот на ЕП од 23 јуни, во кое се вели дека доколку Комисијата не постапи, ЕП ќе преземе акција во Судот на правдата и се додава дека Парламентот треба да ги продолжи своите неопходни подготовки според член 265 од ДФЕУ против Комисијата за „непостапување“.

Европскиот парламент усвои резолуција во која се поздравува режимот на ЕУ за глобални санкции за човекови права, истовремено повикувајќи да се вклучи корупцијата како казниво дело. Европратениците треба да бидат во можност да предложат случаи на сериозно кршење на човековите права, со цел да се зголеми легитимноста на режимот на санкции. Тие инсистираат на инклузивен процес за вклучување и на граѓанското општество.

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ



Европскиот парламент усвои своја позиција за преговори со Советот, за продолжување на мандатот на Европската агенција за лекови и зајакнување на нејзината улога. Европратениците повикаа на создавање интероперативна дигитална база на податоци на ЕУ насочена кон откривање, предвидување и спречување на недостиг на лекови. Новата база на податоци треба трајно да го олесни пристапот и размената на информации помеѓу Агенцијата и соодветните национални власти.

Преговорите за формирање на две т.н. морски заштитени подрачја (MPAs) на Антарктикот се ставени во мирување. Во усвоената нацрт-резолуција европратениците нагласија за итноста од постигнување договор на преговарачките страни во рамки на Комисијата за зачувување морските живи ресурси на Антарктикот.

Во резолуцијата усвоена со 603 гласа европратениците најостро го осудуваат обвинението што го покрена главниот јавен обвинител на Турција на Уставниот суд со кое се бара распуштање на Народната демократска партија ХДП, трета по големина политичка партија во Турскиот парламент и политичка забрана за скоро 500 членови на ХДП.

www.europarl.europa.eu

## НОВИ ПРАВИЛА ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ГЕРМАНСКИТЕ ПАРЛАМЕНТАРЦИ



Фондацијата „Ото Бренер” блиска до синдикатите, ги проценила податоците за дополнителната заработка на пратениците во Бундестагот врз основа на јавно достапни информации на веб-страницата на германскиот парламент. Се проценува дека пратениците во Бундестагот оствариле 53 милиони евра дополнителни приходи во тековниот мандат, што е значително поголема сума од претходно. Фондацијата ја спровела оваа студија од 2009 година со податоци за тековниот и два претходни мандатни периоди.

Во актуелниот мандатот кој наскоро завршува, околу 1/3 од парламентарците, поточно 261, имале ангажмани преку кој оствариле дополнителен приход.

Иако либералната ФДП во Бундестагот има 11,5% од вкупниот број пратеници, тие се на прво место меѓу оние кои добиваат дополнителен приход со учество од 20,3%.

Дополнителните ангажмани на пратеници, покрај мандатот во Бундестагот, се законски дозволени сè додека нема судир на интереси и сè додека парламентарниот ангажман е во центарот на нивните активности. Приходите од овој вид ангажмани над одредена сума мора да бидат пријавени до Претседателството на Бундестагот и објавени на веб-страницата на Бундестагот како „информации што мора да бидат достапни на јавноста”. Досега, дополнителните приходи на парламентарците требало да бидат пријавени доколку надминуваат 1.000 евра месечно или 10.000 годишно. Приходите над 250.000 евра не мора да бидат наведени подетално и спаѓаат во иста група со оние чии износи се во милиони.

По скандалот со профитабилни зделки околу набавката на заштитни маски и платен ангажман за лобирање на политичарите, Бундестагот во средината на јуни донесе построги правила за транспарентност за парламентарците.

Фондацијата Ото Бренер во студијата ги вклучи податоците до 1 јуни годинава, односно пред да стапат во сила новите правила.

Според новите правила, дополнителниот приход во иднина мора да се пријави ако надминува 1.000 евра месечно или 3.000 евра во текот на годината. Исто така предвидено е дека треба да се објави точниот износ на таа заработка – „секое евро и цент”.

Фондацијата повикува на натамошно заострување на овие прописи. Авторот на студијата, Свен Остерберг, се изјасни за формирање комисија „која ќе има ресурси и права и ќе го контролира почитувањето на правилата”.

https://gettotext.com

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



www.sobranie.mk

Претсдеателот на Собранието на Република Северна Македонија, Талат Џафери на 30 јули 2021 година оствари средба со европратеникот Кристијан Сагарц, известител во сенка за Северна Македонија од Европските народни партии во Европскиот парламент, кој беше во прва дводневна работна посета на земјава. На средбата Џафери истакна дека Собранието е подготвено за сите следни чекори што ја очекуваат земјата на патот кон Европската Унија. Тој изрази надеж дека посетата на европратеникот Сагарц ќе биде добра можност за запознавање на европратеникот со актуелните состојби и спремноста на државата за започнување на преговорите врз основа на исполнети критериуми и заслуги.
Со европратеникот Сагарц одделни средби оствариja и претседателот на Националниот совет за евроинтеграции Александар Николоски, копретстедавачот на Мешавитиот парламентарен комитет ЕУ - Република Северна Македонија Билал Касами и претседателот на Комисијата за европски прашања, Арбер Адеми.







Претседателот Џафери на 26 јули 2021 година оствари средба со Бенедето Дела Ведова, заменик-министер за надворешни работи на Италијанската Република. На средбата Џафери се заблагодари на поддршката на Италијанскиот парламент, кој со донесените резолуции дава искрена и недвосмислена поддршка на нашите евроинтеграции. Соговорниците ја реафирмираа важноста од континуиран политички дијалог во насока на јакнење на севкупната билатерална соработка меѓу двете држави.




Претседателот Џафери имаше свое обраќање на Преспа форумот за дијалог кој се одржа на 01 јули 2021 година во Охрид. Џафери во својот говор истакна дека Договорот од Преспа ја покажа подготвеноста за конструктивна соработка со соседите, ја потврди државноста на земјата во Обединетите нации и овозможи полноправно членство на земјата во НАТО.



На 21 јули годинава претседателот Џафери учествуваше во дискусија за Стратегијата за надворешна политика на Република Северна Македонија - „Рефлексија 2030", со цел да се потенцира важноста и значењето на парламентарната димензија и клучната улога на Собранието во подготовката на Стратегијата. Во своето обраќање Џафери го истакна значењето на парламентарната дипломатија, стратешките приоритети на Собранието на меѓународен план и клучните сегменти на надворешната политика со проактивен ангажман на собраниските комисии, делегации и групи за соработка.

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА

Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања на 15 јули 2021 година одржаа заедничка седница на која словеночкиот амбасадор, Н.Е. Милан Предан ги презентираше Програмата и приоритетите за работа на Словенечкото претседателство со Советот на Европската Унија за периодот јули - декември 2021 година. Претседателите на НСЕИ и КЕП, Александар Николовски и Арбер Адеми го поздравија претседавањето на Словенија и нејзиното залагање за проширување на ЕУ. На седницата беа поканети и Комисијата за надворешна политика и МПК ЕУ - РСМ.



www.sobranie.mk



На 08 јули 2021 година претседателот Џафери имаше свое обраќање на промотивниот настан на ИПА твининг проектот за „Подобрување на надворешната ревизија и парламентарниот надзор“, кој се одржа во делегацијата на ЕУ во нашата држава.Џафери истакна дека во рамки на првиот твининг проект за зајакнување на соработката на Собранието со Државниот завод за ревизија се реализирани две студиски посети на пратениците и собраниската служба на парламентите на Република Хрватска и Република Бугарија.

Претседателот на Комисијата за европски прашања, Арбер Адеми на 19 јули 2021 година учествуваше на Видео-конференција на претседателите на парламентарните комисии за европски прашања на земјите членки на ЕУ (КОСАК). Во своето излагање на првата сесија на конференцијата Адеми го нагласи значењето на процесот на придружување на земјите кандидати за членство во ЕУ, како важен процес за земјите од Западен Балкан. Адеми ја поздрави искажаната посветеност на словенечкото претседателство кон политиката на проширување на ЕУ и иднината на Западен Балкан во ЕУ.



Претседателот на пратеничката група за соработка со Парламентот на Република Австрија, Арбер Адеми, на 12 јули 2021 година оствари видео-средба со претседателката на Групата за соработка меѓу Австрија и Северна Македонија во Националниот совет на Република Австрија, Стефани Криспер. На средбата соговорниците разменија информации за актуелните настани во двата законодавни дома, состојбата со пандемијата и процесот на вакцинација.

Комисијата за европски прашања во месец јуни 2021 година одржа 5 седници на кои беа разгледани 5 закони.



Комитетот за односи меѓу заедниците на свечена седница на 29 јули 2021 година одбележа 20 годишнина од Охридскниот рамковен договор, каде се обрати и претседателот на Собранието, Талат Џафери. Основањето на Комитетот во 2002 година беше најсоодветен начин на разгледување на прашањата на етничките заедници во нашата земја, чијшто заемен однос претставуваше пречка за раст и развој на земјата, истакна Џафери. Свои обраќање имаа и претседателката на Комитетот, Арбана Пашоли и првиот заменик на претседателот на Владата и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Артан Груби.

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО ВО ЕВЕРОПСКАТА УНИЈА




Европската комисија на 20 јули 2021г. презентираше Втор извештај за владеење на правото во ЕУ со Комуникација за состојбите во ЕУ како целина и одделно по поглавја за секоја земја-членка. Во Извештајот за 2021 година се разгледани новите случувања од септември 2020г., продлабочувајќи ја проценката на прашањата идентификувани во претходниот извештај и земајќи го предвид влијанието на пандемијата со Ковид-19. Извештајот ја потврдува загриженоста во одделни земји-членки околу предноста на европското право, независноста на судството и слободата на медиумите.

***Клучни наоди за состојбата со владеењето на правото во земјите-членки***

Извештајот за 2021 година се базира на методологијата и обемот на претходниот извештај, фокусирајќи се на четирите клучни елементи: правосудни системи; рамката за борба против корупцијата; плурализам во медиумите и слобода на медиумите; и други институционални прашања поврзани со институционална контрола и рамнотежа.

1. *Правни системи* - Во голем број земји-членки се преземаат чекори за зајакнување на судската независност. Неколку земји -членки продолжиле да спроведуваат реформи кои ги намалуваат нивните гаранции за независност на судството како резултат на зголеменото влијание на извршната и законодавната власт врз функционирањето на нивниот правосуден систем.

2. *Антикорупциска рамка* - повеќето од земјте-членки на ЕУ презеле мерки за зајакнување на рамките за спречување на корупција и интегритет, вклучително и правила за судир на интереси. Остануваат предизвиците поврзани со кривични истраги, гонења и примена на санкции за корупција во некои земји-членки. Големи или многу сложени случаи на корупција продолжија да се појавуваат во различни земји -членки.

3. *Слобода на медиуми и плурализам* - 2021 Мониторот за плурализам во медиумите, клучен извор на информации за Извештајот за владеењето на правото - укажува на севкупно влошување на состојбата на новинарите во неколку земји-членки. Не сите регулатори на медиумите се ослободени од политичко влијание и постои голем ризик од политичко мешање во медиумите во некои земји-членки. Сериозни економски предизвици за медиумскиот сектор предизвикала и пандемијата со Ковид-19, што довело некои земји-членки да усвојат шеми за поддршка на медиумскит куќи.

4. *Институционална контрола и рамнотежа* - Бројни случувања предизвикале загриженост во однос на почитувањето на приматот на правото на ЕУ, од суштинско значење за функционирањето на правниот поредок на ЕУ и еднаквоста на земјите -членки. Граѓанското општество во некои земји-членки продолжило да се соочува со сериозни предизвици, како намерни закани од властите, несоодветна заштита од физички или вербални напади или несоодветно ниво на заштита на основните права кои ја гарантираат нивната работа.

Годишниот извештај за владеењето на правото е резултат на близок дијалог со националните власти и засегнатите страни. Ги опфаќа сите земји-членки на објективна и непристрасна основа. Квалитативната проценка спроведена од Комисијата се фокусира на значајните случувања од усвојувањето на првиот годишен извештај за владеењето на правото и обезбедува кохерентен пристап со примена на истата методологија за сите земји-членки, додека останува пропорционална со развојот. Опсегот и методологијата на едицијата 2021 се исти како и за првиот годишен извештај за владеењето на правото, усвоен во септември 2020 година.

https://ec.europa.eu

## ВСЕЛЕНСКИ ЦЕНТАР НА БУНДЕСВЕРОТ



Германските вооружени сили на 13 јули 2021г. пуштија во употреба вселенски центар кој се наоѓа во базата во провинцијата Северна Рајна–Вестфалија. “Вселената стана критична инфраструктура која треба да се заштити” изјави министерката за одбрана Анегрет Крамп Каренбауер на церемонијата на отворањето на центарот. Основна задача на вселенскиот центар ќе биде да ги заштити шесте германски воени сателити во орбитата, да го следи вселенскиот отпад и да анализира разузнавачки активности во вселената, објави Дојче веле. Околу 80 лица се ангажирани во активностите на вселенскиот центар, а нивниот број треба да се зголеми на 250.

https://www.dw.com

## ЛЕТЕН ЕКОНОМСКИ ИЗВЕШТАЈ 2021




Извештајот на Европската комисија за економските перспективи во ЕУ и еврозоната предвидуваат раст од 4,5% за 2022, што е поголема стапка од првичните проекции.
Според редовниот летен економски извештај на Комисијата, економијата на ЕУ ќе порасне за 4,8% оваа година и за 4,5% во 2022, што е за 0,6% повеќе за 2021 од тоа што беше пресметано од страна на службите во ЕК. Повеќе фактори ќе придонесат за ова оптимистичко економско сценарио: прво вакцинацијата добро напредува и доведе до намалување на стапките на новозаразени и на хоспитализирани.Повторното отворање на економската активност во земјите на ЕУ помогнало на бизнис секторот, објаснува ЕК. Потрошувачите покажале задоволителна стапка на доверба и желба за консумација, а ЕК е задоволна и со фактот што внатрешниот туризам во ЕУ покажува знаци на подобрување, посебно со воведувањето на новиот Ковид сертификат за патување.
Европската комисија е уверена дека Фондот за закрепнување ќе придонесе за “значаен раст” во економиите на ЕУ. Останува дека инфлацијата би требало да биде исто така повисока од планираната и оваа година и следната поради поскапувањето на цените на енергијата меѓу другото, но и поради недоволниот капацитет за производство и недоволни суровини. Инфлацијата би требало да достигне 2,2% оваа година, и 1,6% следната во ЕУ.

https://ec.europa.eu/

## НЕЕДНАКВОСТ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ ВО ЕУ

Последниот извештај на Европската комисија за социјалниот развој во ЕУ ги анализира последиците од здравствената криза и предупредува земјите да внимаваат на продлабочувањето на нееднаквостите.
Според извештајот, најголем раст на невработеноста има кај работните места - пекари, оние за кои е потребно физичко присуство како што е прехранбениот сектор или туризмот. Најмалку погодени од кризата се работните места кои се критични, но и оние кои бараат мала стапка на социјална интеракција и можат да се работат од дома, главно во информатиката, осигурувањето и телекомуникациите. Здравствениот сектор е како најкритичен за време на кризата.
Европската Комисија во своите анализи забележува дека географските последици од кризата со Ковид-19, исто така, покажуваат значајни разлики, па така најмногу работни места се изгубени во руралните средини, додека земјите членки на ЕУ од југот, кои се зависни од туризмот, исто така, се попогодени од другите.
Кризата имала последици и врз социјалниот дијалог и колективните договори на работниците, но повторно со значајни разлики меѓу земјите членки. Поради потребата за ‘итни интервенции’ од државата или поради здравствени причини некои земји ја ограничиле можноста за колективни преговори.




Во однос на родовите разлики, мажите се малку повеќе погодени од жените кога станува збор за работните места, но жените искусиле сериозен пад на работните часови посебно во вториот семестар од 2020 година.
Еврокомесарот за социјални права, Никола Шмит, порача дека политиките на економско закрепнување треба да ги земат предвид наодите од овој извештај за да се овозможи пофер транзиција.

https://www.eurofound.europa.eu

## ЕУ БАРОМЕТАР




Според последниот Евробарометар, за граѓаните на ЕУ најсериозниот проблем со кој се соочува светот моментално се климатските промени. Околу 93% од анкетираните Европејци одговориле дека климатските промени се сериозен проблем, 78% навеле дека е “многу сериозен“, а само 4% се изјасниле за загадувањето. Граѓаните на ЕУ во огромно мнозинство (90%) очекуваат од нивните политичари да донесат конкретни одлуки за намалување на емисиите на штетните стакленички гасови, додека 87% сметаат дека ЕУ треба да донесе амбициозни цели за употреба на обновливи извори на енергија и подобрување на енергетската ефикасност.

Мнозинство граѓани истакнале дека веќе се преземаат индивидуални мерки за спречување на климатските промени, но одговориле и дека се потребни структурни глобални промени.

Граѓаните најпрво очекуваат превземање конкретни чекори од владите, на второ место од приватните бизниси и потоа од ЕУ.

Околу 81% од граѓаните на ЕУ сметаат дека чистите извори на енергија треба да добијат поголеми субвенции од државите.

За извршниот претседател на Европската Комисија задолжен за Зелениот Пакт, Франс Тимерманс, резултатите на овој Евробарометар се доказ дека и покрај пандемијата и економските тешкотии, европските граѓани се свесни за ризикот на долг рок кој произлегува од климатските промени и очекуваат од владите како и од приватниот сектор да преземат конкретни мерки.

https://europa.eu/eurobarometer/

## КАЗНИ ЗА КОМПАНИИТЕ БМВ И ФОЛКСВАГЕН




Европската комисија ги казни германските производители на автомобили „Фолксваген“ и „БМВ“ со вкупно 875 милиони евра поради здружување во картел со цел спречување на конкуренцијата во технологијата за прочистување на азотни оксиди од издувните гасови на дизел моторите.

Во картелот биле пет производители на автомобили: „Дајмлер“, кој произведува „мерцедеси“, „БМВ“ и „Фолксваген“, „Ауди“ и „Порше“, кои се дел од групацијата „Фолксваген“. „Дајмлер“ го откри пред Комисијата постоењето на картелот и беше целосно ослободен од казната. „Фолксваген“ е казнет со 502 милиона евра, а „БМВ“ со 373 милиони евра.

Петте производители располагаат со технологија, наречена Системи на селективно намалување на катализацијата (SCR), која ги прочистува издувните гасови со додавање течна уреа во издувниот систем, наречена „AdBlue“, што го претвора азотниот оксид во безопасна вода и азот. Тоа се случува само ако се додаде доволно од таа „сина течност“. Проблемот е во тоа што производителите со меѓусебен договор ја намалиле емисијата на штетни материи само за да ги задоволат минималните законски норми, иако имаат технологијата која овозможува значително намалување. Со овој договор, тие ја елиминирале заканата дека нивните конкуренти ќе бидат подобри.

„Дајмлер“, „БМВ“, „Фолксваген“, „Порше“ и „Ауди“ одржувале редовни технички состаноци во изминатите пет години за заеднички развој на SCR системи за дизел патнички автомобили кои ги исполнуваат регулаторните барања на ЕУ.

ЕУ уште во 2007 година, воведе минимални стандарди за емисии на азотни оксиди (т.н. „Еуро 5“ и „Еуро 6“ стандарди), кои се спроведуваат од 2009 година.Ова е првпат Комисијата да казни картелско здружување засновано на технологија, а не на утврдување цени или споделување на пазарот.

https://ec.europa.eu

## БДП НА ЕВРОЗОНАТА ЗГОЛЕМЕН ЗА 2%

Според првата проценка на статистичката служба на ЕУ објавена на 30 јули годинава. бруто домашниот производ (БДП) на еврозоната се зголемил за 2% во периодот од април до јуни во споредба со првиот квартал годинава. Економските активности во областа на единствената валута на еврото се зголемиле за 13,7% споредено со истиот период во 2020 година, објави Еуростат.
Во почетокот на 2020 год.имало голем пад на БДП откако земјите ги затворија границите како одговор на пандемијата со Ковид-19. Во вториот квартал од ј2020 год. се забележал најостар пад од почетокот на рекордите на Еуростат во 1995 година. Со затворањето на земјите од евроблокот, економијата потона за повеќе од 11% во еврозоната и ЕУ.
Годинава економските изгледи се попозитивни. Во ЕУ, БДП порасна за 1,9% во вториот квартал годинава, и за 13,2% на годишна основа, објави Еуростат. Меѓу земјите-членки за кои се достапни податоци за вториот квартал од 2021 година, Португалија (+4,9%) забележа најголем пораст во споредба со претходниот квартал, потоа Австрија (+4,3%) и Летонија (+3,7%). Најнизок пораст забележале Литванија (+0,4%) и Чешка (+0,6%).
Во одделна проценка на Евростат, инфлацијата во еврозоната се очекува да порасне за 2,2% во јули наспроти 1,9% во јуни. Порастот на инфлацијата се должи на зголемувањето на цените на енергијата за 14,1% во јули во споредба со претходната година.

Инфлацијата би можела да достигне дури 3% до крајот на годината. Креаторите на политиките на ЕЦБ веќе предупредиле за привремен скок на инфлацијата, истакнувајќи дека нема да ја приспособат политиката бидејќи еднократните фактори на пораст, како што се повисоките цени на нафтата, најверојатно ќе исчезнат следната година.
Агенцијата објави дека стапката на невработеност во еврозоната паднала на 7,7% во јуни, наспроти 8% во претходниот месец. Во ЕУ, стапката падна на 7,1%, од 7,3% во мај.

https://ec.europa.eu/eurostat

## ТЕСТИРАЊЕ НА ДИГИТАЛНА ЕВРОВАЛУТА

Управниот орган на Европската централна банка (ЕЦБ) на 14.07.2021г. соопшти дека започна „фаза на истражување“ на 24-месечен проект за дигитална евровалута, со кој се опфатени дизајнот и дистрибуцијата на евровалутата.
Претседателката на ЕЦБ, Кристин Лагард истакна дека целта на ЕЦБ „е да гарантира дека граѓаните и деловните субјекти во дигиталната ера ќе имаат пристап до најбезбедната форма на пари, парите од централната банка“, додаде Лагард.
Целта на тестирањето е да се разгледаат потребите на потрошувачите со цел да се создаде „достапна и ефективна форма на дигитални пари за централната банка“, со што ќе се избегнат ризици за граѓаните во еврозоната и ќе ја заштити нивната приватност, како и дигиталното потенцијално влијание на еврото врз пазарот и економијата како целина.



https://www.ecb.europa.eu

## ВАКЦИНАЦИЈА НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО ЕУ



Претседателка на Европската комисија, Урсула фон дер Лајен на 27 јули 2021г. соопшти дека е постигната целта поставена од Комисијата „да се администрира барем првата доза на вакцини врз 70% од возрасната популација во ЕУ до јули". Според последните податоци на Европскиот центар за превенција и контрола на болести (ECDC), 84% од возрасните примиле барем една доза вакцина на Малта, која има најголема стапка на вакцинација.
Следуваат Данска со 83,7 %, Холандија со 83,5%, Белгија со 82,7% и Финска со 78,9%.

Најниска стапка на вакцинација е забележана во Бугарија18,5%, потоа во Романија 31,1%, Летонија 44%, Хрватска 47%, Словачка 47,9% и Словенија 49,7%.
Вакцинацијата што започна во првите денови од 2021 година во земјите на ЕУ, во првите месеци напредуваше бавно, поради што администрацијата на ЕУ беше изложена на критики.
Претседателката на Европската Комисија повика да се продолжи со напорите за вакцинација пред сè поради ширењето на делта сојот на вирусот.
Варијантата Делта се очекува да стане глобално доминантен вид во наредните месеци и веќе е идентификувана во речиси сите европски земји. Помеѓу 28 јуни и 11 јули годинава, варијантата беше доминантна во 19 земји во Европа, што во просек сочинува 68,3% од случаите.
Европската агенција за лекови (ЕМА) досега ја одобри употребата на четири вакцини против коронавирусот, оние што доаѓаат од компаниите „БајоНтек-Фајзер", „Модерна", „АстраЗенека" и „Џонсон и Џонсон".
ЕМА продолжува со прелиминарните проценки на вакцините „Синовак", „Кјурвак", „Спутник V" "Новавакс", и „Санофи Пастер".

https://www.euractiv.com

## ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНИ ВОЗИЛА ВО ШПАНИЈА



Шпанија ќе инвестира 4,3 милијарди евра во производство на електрични возила и батерии како дел од главната национална програма претежно финансирана од фондот на ЕУ за обновување, соопшти шпанската Влада. Премиерот Педро Санчес на презентацијата истакна дека планот на Владата е насочен кон поттикнување на приватните инвестиции, ќе го опфати целиот ланец на производство, од ископување на литиум до склопување на батериски Приватниот сектор, според проценките на Владата, може да придонесе со дополнителни 15 милијарди евра на иницијативата.
По Германија, Шпанија е втора земја по големина како европски производител на автомобили и на осмо место во светот. Со новата инвестициска програма, која е дел од пакетот од 13 милијарди евра наменети за одржлива мобилност, се очекува придонесот на секторот во економското производство да достигне 15% до 2030 година, од сегашните 10%. Програмата ќе вклучи една милијарда евра за зајакнување на инфраструктурата за полнење на електрични автомобили.
Како еден од главните корисници на програмата на ЕУ за закрепнување во износ од 750 милијарди евра, Шпанија ќе добие грантови од околу 70 милијарди евра до 2026 година за да помогне во заживувањето на економијата која беше тешко погодена со пандемијата.

https://www.euroweeklynews.com

## РАБОТНОТО ВРЕМЕ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Според податоците на Евростат, бројот на реално одработените часови во ЕУ се намалил за 12% во споредба со претходната година. Според агенцијата, падот може да се објасни со мерките преземени како одговор на пандемијата па Ковид-19 кои принудија стотици луѓе да бидат на платено и неплатено отсуство од работа. Како резултат на тоа, работните часови се значително помалку остварени.
Најголем пад е регистриран во Грција (-19,7 проценти), Шпанија (-19,5%), Португалија и Италија (по -19%), а Бугарија е на 16-та позиција со намалување од 10%. Земјите од ЕУ, во кои има мала промена во работното време (со намалување помало од 5%), се Финска (-4,4%), Данска и Луксембург (по – 2%).
Вкупно 26,9 милиони луѓе во ЕУ пријавиле дека работеле помалку од вообичаено во текот на 2020 година. За споредба, во 2019 година тој број изнесувал 24,4 милиони луѓе. Бројот на луѓе што работат прекувремено се намалил од 7,3 милиони во 2019 година на 5,8 милиони во 2020 година.
Бројот на оние кои работеле повеќе поради променливите часови паднал за 1 милион на 4,7 милиони, а бројот на оние кои работеле повеќе од други причини се намалил за 0,5 милиони на 2,3 милиони.

https://ec.europa.eu/eurostat




## ДОНЕСЕНИ ЗАКОНИ ВО СОБРАНИЕТО ВО МЕСЕЦ ЈУЛИ 2021 ГОДИНА

- Закон за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки во областа на одбраната и безбедноста,
- Закон за управување со батерии и акумулатори и отпад од батерии и акумулатори,
- Закон за управување електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема,
- Закон за изменување и дополнување на Законот за државјанство на Република Македонија, по скратена постапка,
- Закон за изменување и дополнување на Законот за рамномерен регионален развој, по скратена постапка.

***ЕУ КАЛЕНДАР / септември 2021***

1. *Пленарна сесија на Европскиот парламент, 13-16/09/2021, Стразбург;*
2. *Конференција за кибер безбедност, 02-03/09/2021;*
3. *Состанок на Советот за општи работи, 21/09/2021, Брисел, Белгија;*
4. *Европска недела на мобилност, 16-22/09/2021.*




**Корисни линкови за електронски публикации на ЕУ:**
https://publications.europa.eu/en/home
https://europa.eu/european-union/documents-publications
http://www.europarl.europa.eu/visiting/en/brussels/parlamentarium

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО**

Адреса: 11 Октомври бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 55 локал 414
Факс: +389 2 3 182 277
E-mail: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk


*Во Собранието беше спроведен ИПА Проект за „Техничка помош за Парламентот", во периодот од јануари 2011 до јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*
*Во рамките на ИПА проектот, беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување на ЕУ центар во Собранието.*
*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието и на Службата да им се обезбеди подобар пристап до информации поврзани со ЕУ прашања.*
*ЕУ центарот организациски е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции.*
*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




